( Образец ПП……)

**До: Општина Гази Баба**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од:[redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Колку постапки се спроведени во Вашата институција во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2025 година за: оцена на влијанието на проектите врз животната средина (ОВЖС),стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), издавање или измена на А и Б интегрирани еколошки дозволи,стекнување водно право и донесување или измена на урбанистички планови, во кои согласно важечките законски прописи било предвидено организирање јавна расправа, јавен увид или друг облик на консултација со јавноста?

Ве молиме податоците да ги прикажете одделно по вид на постапка и по година наведувајќи:

- број на спроведени постапки ,
- број на организирани јавни расправи,јавни увиди и/или други консултации со јавноста.

2. Колкав е вкупниот број на коментари, забелешки и предлози доставени од јавноста во рамките на постапките за оцена на влијанието на проектите врз животната средина (ОВЖС), стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), издавање или измена на А и Б интегрирани еколошки дозволи, стекнување водно право и донесување или измена на урбанистички планови, спроведени во Вашата институција во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2025 година, и каков бил исходот од нивното разгледување?

Ве молиме податоците да ги прикажете одделно по вид на постапка и по година, наведувајќи:

- вкупен број на доставени коментари, забелешки и предлози од јавноста;
- број на целосно прифатени коментари, забелешки и предлози;
- број на делумно прифатени коментари, забелешки и предлози;
- број на неприфатени коментари, забелешки и предлози;
- број на коментари, забелешки и предлози за кои постапката на разгледување не е завршена, (доколку има такви).

Доколку Вашата институција поседува вакви податоци, Ве молиме наведете дали и каде се јавно достапни, односно доставете линк за пристап до истите.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

[redacted]

**Во Скопје, 31.07.2026 година .** ________________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 20 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), се донесува следното

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 12-5023/3
10.08 2026 год.
СКОПЈЕ

**РЕШЕНИЕ**
**за доставување на информации од јавен карактер**

Барањето број 12-5023/1 од 04.08.2026 година за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на [redacted] со застапник [redacted] **СЕ ПРИФАКА.**

Образложение

Барателот од Општина Гази Баба, врз основа на член 4 и член 12 од од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), достави барање на кое што ги даваме следниот одговор:

По однос на барањето, кое се однесува на точка 1 и точка 2, Ве известуваме со информација од Секторот за Урбанизам и градежно земјиште:

- Во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2025 година НЕМАМЕ СПРОВЕДЕНО ПОСТАПКИ за оцена на влијанието на проектите врз животната средина (ОВЖС),стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), издавање или измена на А и Б интегрирани еколошки дозволи,стекнување водно право и донесување или измена на урбанистички планови, во кои согласно важечките законски прописи било предвидено организирање јавна расправа, јавен увид или друг облик на консултација со јавноста

Поради горенаведеното, нема ниту коментари, забелешки и предлози доставени од јавноста во истиот период.

И одговор на точките 1 и 2 од вашето барање од Секторот за животна средина:

1. Согласно Законот за животната средина на Република Северна Македонија, надлежен орган за спроведување на процедури и издавање на А-интегрирани еколошки дозволи (А-ИЕД) е Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП). За спроведување на процедурата за Б-интегрирано спречување и контрола на загадувањето од инсталации кои се наоѓаат на територија на општина Гази Баба, како дел од градот Скопје е надлежен Секторот за заштита на животната средина при Градот Скопје. Истиот спроведува постапка за издавање и изменување на Б-интегрирани еколошки дозволи (Б-ИЕД), воспоставува и води регистар и база на податоци за инсталации со Б-интегрирани еколошки дозволи и редовно објавува податоци од истите на својата официјална веб страницата.

Општина Гази Баба не е надлежна за издавање на А-ИЕД и Б-ИЕД.

Согласно член 98 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 23/12, 93/13, 187/13,

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/22), МЖСПП и Градот Скопје до Општина Гази Баба ги доставуваат на увид комплетните барања за постапките за издавање, измена и обнова на А-ИЕД и Б-ИЕД за инсталациите кои се наоѓаат на територија на општина Гази Баба. Општината истите ги објавува на својата официјална веб страна за увид од страна на граѓаните. Сите заинтересирани граѓани можат да направат увид во поднесеното барање и да дадат свое мислење и забелешки по истото.

Во периодот од 01.01.2023 до 31.12.2025 година добиени се и објавени следниве процедури:

1. Обнова на А-интегрирана еколошка дозвола на инсталацијата ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ БАУЕР БГ ДОО СКОПЈЕ (асфалтна и бетонска база), процедура на МЖСПП – објавена на 09.10.2025 година.
2. Обнова на А-интегрирана еколошка дозвола од ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ БАУЕР БГ ДОО СКОПЈЕ, процедура на МЖСПП – објавена на 24.03.2025 година.
3. Измена на А-интегрирана еколошка дозвола од АЛКАЛОИД АД Скопје, Фармацевтска хемиска козметичка индустрија, Профитен Центар Фармација, Локација Автокоманда – Скопје, процедура на МЖСПП – објавена на 14.03.2025 година.
4. Добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола од ФИ-СА КОМЕРЦ Љупка ДООЕЛ Скопје – процедура на Град Скопје – објавена на 05.12.2024 година.
5. Обнова на А-интегрирана еколошка дозвола од ДПТУ МЕСЕР ВАРДАР ТЕХНОГАС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, процедура на МЖСПП – објавена на 05.12.2024 година.

Општината постапува согласно насоките дадени во Правилникот за начинот и постапката на обезбедување пристап до информациите во врска со животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 93/07 од 26.07.2007 год.) кој подетално го регулира начинот и постапката на обезбедување пристап до информации во врска со животната средина.

Општина Гази Баба донесува одлуки за спроведување или неспроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина (СОЖС) за урбанистички планови (Детални урбанистички планови и Локални урбанистички планови), инфраструктурни проекти и стратешки документи. Најактуелен пример е донесената одлука за ЛЕАП (Локален акционен план за животна средина) за периодот 2027–2032 година, донесена на 05.05.2026 година (надвор од периодот кој е предмет на ова барање).

Сите објавени Одлуки и Известувања се достапни на официјалната Огласна табла на Општина Гази Баба: https://gazibaba.gov.mk/category/oglasna-tabla/

Секторот за урбанизам и градежно земјиште ќе ви одговори за делот од прашањето кое е под нивна надлежност.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

**2.** Општина Гази Баба до сега не добила ниту еден коментар, забелешка, ни предлог од ниту еден граѓанин на општина Гази Баба по основ објавените известувања за увид во барања за издавање, измена или обнова на А-ИЕД и Б-ИЕД.

Секторот за урбанизам и градежно земјиште ќе ви одговори за делот од прашањето кое е под нивна надлежност.

Согласно Вашето барање Ви ги доставуваме бараните информации по е-маил.

Правна поука: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

Решението е доставено до:
Барателот
Архивата на Општина Гази Баба

Одговорно лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Ана Вељановска